Архивски број: 05-30/2

Датум: 11.05.2026

**Објавено на веб-страната на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, https://ks.org.mk/ на 11.05.2026 година.**

Повик за доставување на понуди за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).

1. Цел на повикот

Проектот ќе развие одржлива платформа за кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија со што би се зголемил бројот на проектни апликации во LIFE програмата на Европската комисија.

Проектот се реализира во програмата LIFE-2024-TA CAP-LIFE „Проекти за техничка помош за градење капацитети на Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и животна средина".

Понудувачот треба да подготви висококвалитетно промотивно видео што ќе обезбеди атрактивна и динамична презентација, прилагодена за широка дистрибуција преку различни комуникациски канали, вклучително и социјални мрежи и други јавни медиуми со отворен пристап. Видеото се однесува на програмата LIFE, со цел зголемување на видливоста и промоцијата на активностите и можностите што ги нуди програмата, како и подигнување на свеста и поттикнување на интересот за учество во програмата LIFE кај релевантни чинители и пошироката јавност.

.

2. Цел на проектот

Проектот „Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) има за цел да го зајакне ефективното учество на националните корисници во програмата LIFE. Ова ќе се постигне преку целни мерки за градење на капацитети за националните контакт точки, овозможувајќи им поефикасно да се ангажираат и да ги поддржуваат (потенцијалните) апликанти во подготовката и поднесувањето на предлози за проекти. Клучна компонента на оваа иницијатива е развојот на одржлива и сеопфатна дигитална платформа, LIFEMKeHUB, дизајнирана да обезбеди професионална, поедноставена поддршка за пристап и користење на средствата од LIFE. Општата цел е да се зголеми учеството во повиците за предлози и да се подобри целокупниот квалитет на поднесените апликации..

3. Спроведување на активностите и очекувани резултати

Со понудувачот ќе се склучи договор за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), согласно динамиката на проектните активности. Испораката на договорените услуги ќе се одвива согласно утврдената спецификација за потребните услуги, како и според динамиката на проектните активности. Од понудувачот се очекува испораката на услугата за подготовка на на промотивно видео за потребите на

проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) да се реализира од месец мај до август 2026 година.

4. Начин на пријавување и избор

Заинтересираните кандидати треба да ги достават своите понуди во архивата на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, на адреса

Центар К&С Скопје
ул. Даме Груев 14а,
1000 Скопје,
Македонија,

во затворен плик, со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

Дополнителни прашања заинтересираните понудувачи можат да достават до 17.05.2026 година, на е-адреса: ks@ks.org.mk со назнака: Повик за понуди за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), или на телефон на Центар К&С Скопје +38971397780, лице за контакт: Лихнида Стојановска Георгиевска, генерален секретар на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје.

Рокот за поднесување на понудите за подготовка на промотивното видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) е до 18.05.2026 година (четврток), до 12:00 часот.

Скопје, 11.05. 2026 година

Претседател,
Проф. д-р Христина Спасевска